ИСРС
ISRS
М

**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI PËR STANDARDIZIM I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-301/1
28 03 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИСРСМ

## 2022-2024

М-р Џеват Кицара, директор

Скопје, 2022 година

# СОДРЖИНА

1. СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ИСРСМ ВО ПЕРИОД 2022-2024 ..... 2

1.1 ВОВЕД ..... 2

1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ..... 2

1.3 МИСИЈА НА ИСРСМ ..... 4

1.4 ВИЗИЈА НА ИСРСМ ..... 4

1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ИСРСМ ..... 4

1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ НА ИСРСМ ..... 4

1.7 ИНСТИТУЦИОНАЛНА СТРУКТУРА НА ИСРСМ ..... 5

1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ИСРСМ ..... 6

1.9 ПОДДРШКА НА ИСРСМ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА ВЛАДАТА НА РСМ ..... 7

1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА ИСРСМ ВО 2021 ГОДИНА ..... 8

1.11 ПРОГРАМИ НА ИСРСМ ..... 14

2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРОГРАМА ..... 1

3. ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ..... 19

4. ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ..... 22

5. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ..... 22

6. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ ..... 27

7. ПОТЕНЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ИСРСМ ЗА 2022-2025 ГОДИНА ..... 31

8. РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ..... 35

9. РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА ..... 35

# 1. СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ИСРСМ ВО ПЕРИОД 2022-2024

## 1.1 ВОВЕД

Стратешкиот план на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија – ИСРСМ, претставува документ, кој ги прикажува утврдените стратешки приоритети и приоритетни цели во рамките на надлежностите на ИСРСМ за периодот од 2022-2024 година. Истите се целосно усогласени со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за период 2020-2024 година. Во рамките на овој стратешки план се содржани целите и работните задачи, како и активностите кои се во надлежност на ИСРСМ, неговата мисија, визија, институционална поставеност, специфичност на работата на ИСРСМ, а даден е и осврт на постигнатите резултати на ИСРСМ.

## 1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Врз основа на Законот за стандардизација („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2002, 84/12, 23/13, 41/14, 53/16 и 83/18) и Одлуката за основање на Институт за стандардизација на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/2003), во март 2003 година, основан е Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРСМ-во понатамошен текст) како посебна јавна установа.

ИСРСМ како национално тело за стандардизација, ги претставува националните интересите на Република Северна Македонија во меѓународните, европските и регионалните организации за стандардизација, ги промовира стандардизациските активности и преку здружување на јавните и приватните заинтересирани страни ИСРСМ подготвува и усвојува доброволни национални стандарди.

ИСРСМ беше создаден како независна јавна институција во март 2003 година, по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за основање на Институт за стандардизација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр14/2003) во согласност со Законот за стандардизација („Службен весник на Република Македонија" бр 54/2002).

Во март 2003 година, во согласност со Законот за стандардизација и Одлуката на Владата, ИСРСМ беше основан како независен субјект, вон рамките на Бирото за стандардизација и метрологија.

Советот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија е орган кој управува со работата на Институтот.

Советот на ИСРСМ ги врши следниве работи и задачи: ја дефинира политиката за стандардизација и сертификација на Институтот и врши надзор на неговата работа; донесува општи акти на Институтот и го следи нивното извршување; го усвојува Деловникот за работа на Советот; ја усвојува Годишната програма за работа на Институтот; го усвојува полугодишниот и годишниот извештај за работа на Институтот; го надгледува спроведувањето на годишната програма за работа и други планирани активности на Институтот; го усвојува годишниот финансиски план во согласност со основачот; го усвојува годишниот финансиски извештај; ги формира и распушта техничките тела; ја предлага висината на членарините и начинот на плаќање; го усвојува актот со кој се утврдуваат цените на стандардите, публикациите и други услуги; усвојува други акти и одлуки во врска со работата на Институтот во согласност со Статутот и другите општи акти, ја креира политиката за билатерална, регионална и меѓународна соработка; предлага седница на Собранието во согласност со Деловникот за работа на Собранието; го избира и разрешува директорот на Институтот; предлага одлуки на Собранието за усвојување или прифаќање во согласност со Статутот и други општи акти на Институтот; најмалку еднаш годишно поднесува извештај за своето работење до основачот и врши и други работи во согласност со Законот и Статутот на Институтот.

Советот го сочинуваат девет члена кои ги именува и разрешува Собранието на ИСРСМ за период од четири години, со можност за повторно именување. Членството во Советот обезбедува подеднаква застапеност на сите заинтересирани страни.

Соодветно, за реално согледување на позицијата на ИСРСМ, како и понатамошен избор на стратегија, се со цел исполнување на мисијата на ИСРСМ, реализација на визијата, утврдените стратешки приоритети и приоритетни цели, ИСРСМ ја има подготвено следната SWOT анализа:

| | **КОРИСНО** | **ШТЕТНО** |
|---|---|---|
| | **ЈАКИ СТРАНИ (Strengths)** | **СЛАБОСТИ (Weaknesses)** |
| **ИНТЕРНИ ФАКТОРИ** | • Ефикасна и ефективна функционалност на техничката инфраструктура во ИСРСМ;<br>• Имплементиран менаџмент систем МКС EN ISO 9001;<br>• Организирање обуки кои се од интерес на стопанството;<br>• Експертизи за примена и имплементација на стандарди од областа на општа и електротехничка стандардизација;<br>• Соработка со техничките комитети при давање на разни мислења за примена на стандардите;<br>• Солидно познавање на законска регулатива и нејзина примена во пракса;<br>• Квалификуван кадар;<br>• Долгогодишно искуство во областа на стандардизацијата;<br>• Техничка и софтверска опременост; | • Неусогласеност на извршување на работните задачи согласно описот и пописот на задачите во систематизацијата;<br>• Зајакнување на раководните кадровски капацитети во ИСРСМ;<br>• Недоволна искористеност на европските проекти;<br>• Недостаток на ИТ инженерски кадар и ИТ ресурси;<br>• Недостаток на простор за работа, како и простор за странки и одржување на состаноци на технички комитети;<br>• Недоволно развиен маркетинг;<br>• Соработка со надворешни соработници. |

| | **МОЖНОСТИ (Opportunities)** | **ЗАКАНИ (Threats)** |
|---|---|---|
| **ЕКСТЕРНИ ФАКТОРИ** | • Континуирано одржување на статусот на полноправно членство во европските/ меѓународните организации за стандардизација;<br>• Соработка со CEN/CENELEC, ETSI, ISO/ IEC;<br>• Настап на регионален пазар: (остварени посети во производствени фирми од областа на градежништво и електротехника);<br>• Продлабочување на соработка со стопански комори, јавни и образовни институции, здруженија итн.;<br>• Соработка со министерствата, органите во состав на министерствата и други тела формирани од Владата на РСМ;<br>• Следење и примена на најновите трендови во стандардизацијата;<br>• Промоција на нови изворни усвоени национални стандарди. | • Неповолна бизнис клима, пролонгирани ефекти од политичка нестабилност и зависност на економијата од политичката состојба;<br>• Зголемена пазарна нелојална конкуренција и ниска ценовна политика со што пазарот се отвора за сите компании без разлика на квалитет во работењето;<br>• Честа измена на законска и подзаконска регулатива;<br>• Недоволна информираност на стопанството од страна на министерствата за измени во законската регулатива. |

# 1.3 МИСИЈА НА ИСРСМ

Со промовирање на улогата и важноста на стандардизацијата на национално, европско и меѓународно ниво и нејзиниот постојан развој ИСРСМ

- Ги исполнува потребите и очекувањата на сите засегнати страни;
- Придонесува за квалитетот и конкурентноста на македонската економија;
- Дозволува класификација на квалитетните македонски производи на меѓународниот пазар;
- Ги задоволува барањата за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија како и обврските кои би ги имала како член;
- Учествува во процесот на интеграција на европските и меѓународните процеси на стандардизација.

# 1.4 ВИЗИЈА НА ИСРСМ

ИСРСМ да биде признато тело за стандардизација како на национално ниво, така и на регионално, европско и меѓународно ниво што се карактеризира преку одличната изработка на неговите публикации и услуги како и преку способноста, професионализмот и посветеноста на вработените.

# 1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ИСРСМ

ИСРСМ е национално тело за стандардизација кое е одговорно за развивањето и усвојувањето на стандарди во согласност со целите и принципите на македонската национална стандардизација. Во полето на стандардизацијата, ИСРСМ ги извршува следниве задачи:

- Подготовка на национални стандарди на Република Северна Македонија, објавување и одржување на стандарди и други документи кои се поврзани со стандардизацијата на Република Северна Македонија;
- Води регистар на национални стандарди;
- Поставува постојани и привремени технички работни тела, технички комитети и работни групи за извршување на работната програма за стандардизациските активности;
- Учествува во работите и ги претставува интересите на земјата во областа на стандардизацијата пред меѓународните и европските организации за стандардизација;
- Собира, регулира и распределува стандарди и други стандардизациски документи и информации во полето на стандардизацијата во согласност со работната програма преку воспоставување, водење и одржување на база на податоци;
- Објавува оглас за објавување стандарди како и брошури со цел да ја информира општата јавност во врска со тоа кои национални стандарди се усвоени, изменети, заменети и повлечени како и за настани во полето на стандардизацијата;
- Врши и други работи во согласност со регулативите и меѓународните обврски на Република Северна Македонија во однос на стандардизацијата;
- Врши професионални и административни услуги за институтот и надворешните тела на Советот за потребите на стандардизацијата.

# 1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ НА ИСРСМ

Главна специфичност на ИСРСМ е тоа што претставува единствено национално тело за стандаризација во Република Северна Македонија со статус на јавна установа, компетентно за подготвување, одобрување и усвојување на стандарди од сите области опфатени од Европскиот комитет за стандардизација (CEN), Меѓународната организација за

стандардизација (ISO), Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC), Меѓународната електротехничка комисија (IEC) и Европскиот телекомуннкационен институт за стандардизација (ETSI).

Конкретно тука се издвојуваат следните активности:

- Спроведување на национална стратегија со цел да се воведат и спроведат ефективни законодавни мерки и да се зајакне административниот капацитет на институциите од кои се состои инфраструктурата за квалитете (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор над пазарот);
- Спроведување на европските внатрешни правила и постапки за работа на ИСРСМ;
- Воспоставување на ефективен систем за работа на ИСРСМ кој е компатибилен со системите за работа на CEN-CENELEC;
- Обезбедување на соодветна ИТ и телекомуникациска опрема;
- Воспоставување на постапки за нотификација за сите стандардизациски проекти кои се планирани на национално ниво и постапки за мирување (standstill);
- Промотивни кампањи, организација на тематски работилници, објавување на тематски публикации, постери, летоци и нивна распределба со цел активно вклучување на бизнис заедницата и други засегнати страни во процесот на стандардизација.

# 1.7 ИНСТИТУЦИОНАЛНА СТРУКТУРА НА ИСРСМ



# 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ИСРСМ

**Основните цели** на ИСРСМ се ефикасен и одржлив систем за стандардизација во Република Северна Македонија кој ќе овозможи потполно учество во стандардизацискиот систем на европско и меѓународно ниво, што има за цел поддршка на македонското стопанство при излезот на странските пазари и заштита на македонските интереси.

**Генерална долгорочна цел**

ИСРСМ да воспостави ефективен и ефикасен национален систем за стандардизација кој ќе овозможи навремено и успешно исполнување на барањата и потребите на основачот и на членовите на ИСРСМ, неговите вработени и другите заинтересирани страни во Република Северна Македонија и надвор од неа како и поддршка на развојот и зајакнувањето на конкурентноста на македонската економија во фактичките услови на глобалната економска интеграција преку интензивно усогласување на македонските со европските и меѓународните стандарди.

**Среднорочни приоритети**

Во полето на стандардизацијата се наоѓаат следниве активности:

- Спроведување на национална стратегија со цел да се воведат и спроведат ефективни законодавни мерки и да се зајакне административниот капацитет на институциите од кои се состои квалитетната инфраструктура (стандардизација, акредитација, метрологија, проценка на сообразност, надзор над пазарот);
- Спроведување на европските внатрешни правила и постапки за работа на ИСРСМ;
- Воспоставување на ефективен систем за работа на ИСРСМ кој е компатибилен со системите за работа на CEN-CENELEC, ETSI, ISO, IEC;
- Обезбедување на соодветна ИТ и телекомуникациска опрема, инсталирање на истата и нејзино пуштање во употреба;
- Воспоставување на постапки за нотификација за сите стандардизациски проекти кои се планирани на национално ниво и постапки за мирување (standstill);
- Спроведување на систем за квалитет во ИСРСМ;
- Создавање на нов приход преку сертификација и обуки.

**Краткорочни приоритети**

- Зајакнување на капацитетите на човечките ресурси со нови вработени во согласност со Правилникот за систематизација на ИСРСМ;
- Забрзување на преведувачкиот процес на Европските стандарди на македонски јазик;
- Спроведување на обуки за:
  - Правила и практики на европската и меѓународната стандардизација,
  - Постапки за подготовка и усвојување на европски и меѓународни стандарди и европски и меѓународни технички работни тела,
  - Постапки за нотификација за сите стандардизациски проекти кои се планирани на национално ниво и постапки за мирување (standstill),
- Употреба на софтвер за управување со документи и бази на податоци.
- Воспоставување на информатички систем преку купување на систем за управување со документи и бази на податоци;
- Одржување на постоечката ИТ опрема и купување на нови залихи на лиценцирани оперативни системи и програми;
- Промотивни кампањи, организација на тематски работилници, објавување на тематски публикации, постери, летоци и нивна распределба со цел активно вклучување на бизнис заедницата и други засегнати страни во процесот на стандардизација;
- Издавање на огласник на ИСРСМ за усвоените македонски стандарди и нивната распределба

# 1.9 ПОДДРШКА НА ИСРСМ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА ВЛАДАТА НА РСМ

Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија – ИСРСМ, во рамките на своите надлежности, презема активности кои придонесуваат за реализација на одредени стратешки приоритети, преку дефинирање на приоритетни цели, кои се наведени подолу:

**Стратешки приоритети:**

1. Одржлив економски раст, заштита на животната средина, зголемување на продуктивноста, унапредување на квалитетот на производите, постапките и услугите, подигнување на животниот стандард на граѓаните и
2. Република Северна Македонија – членка на Европската унија

**Приоритетни цели:**

1. **Развој на Претпријатијата и малите и средни претпријатија (МСП)**
   - Обезбедување на информации, алатки и поддршка за да се објаснат придобивките од употребата на стандардите. Овие информации и алатки даваат насоки и претставуваат начин како телата за стандардизација и деловните здруженија да соработуваат заедно како на национално така и на европско и меѓународно ниво, правејќи го стандардизацискиот процес полесно разбирлив и подостапен за претпријатијата и МСП;
   - Подобрување на конкуретноста на претпријатијата и МСП преку соработка со министерствата и другите органи на државна управа, заради субвенционирање на трошоците за учество на обуки и купување на стандарди од областите на системите за управување, како и стандардите кои што се поврзани со нивната дејност;
   - Подобрување на конкуретноста на претпријатијата и МСП преку соработка и поддршка со стопанските комори и здруженија на граѓани, преку имплементација на македонските стандарди.
2. **Поддршка на Програмата на Владата 2022-2024 година, во врска со одржливиот економски раст, од аспект на**
   - Подготовка на македонски стандарди за поддршка на развој на земјоделството, изградба на инфраструктурата, енергетиката, информатичкото општество, одржлив туризам и заштита на животната средина и природата.
3. **Континуиран развој и одржување на стопанството на Република Северна Македонија усогласено со единствениот заеднички пазар на Европската унија во насока на слободно движење на стоки и услуги**
   - континуирано усвојување и имплементација на европските и меѓународни стандарди како македонски;
   - усвојување и имплементација на европските стандарди како македонски, во поддршка на транспонираната европска легислатива.
4. **Зајакнување на позицијата на ИСРСМ во европските и меѓународните организации за стандардизација**
   - учество на седници на Генерални Собранија на ISO, IEC, CEN, CENELEC и ETSI;
   - CEN/BT (Technical board) и CENELEC/BT (Technical board);
   - учество на развојните комитети, техничките бордови и други состаноци на управните тела на меѓународните и европските тела за стандардизација (ISO/DEVCO, ISO/COPOLCO, ISO/CASCO);
   - учество на Балкански и други регионални конференции за стандардизација;
   - Склучување на билатерални договори за соработка со други национални тела за стандардизација, согласно потребите на економијата на РСМ.

# 1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА ИСРСМ ВО 2021 ГОДИНА

Согласно конкретните приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Северна Македонија и согласно Програмата за работа на Владата на РСМ 2022-2024, Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија (ИСРСМ), во продолжение дава осврт на постигнатите резултати на ИСРСМ за 2021 година. Подетални податоци и информации за секоја од целите е дадено во соодветниот Годишен извештај за работа на ИСРСМ за 2021 година.

**ЦЕЛ 1 – УСВОЈУВАЊЕ НАЦИОНАЛНИ МАКЕДОНСКИ И УСВОЈУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ И ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ И СТАНДАРДИЗАЦИСКИ ДОКУМЕНТИ КАКО МАКЕДОНСКИ И ПОВЛЕКУВАЊЕ НА КОНФЛИКТНИ/ НЕПРИМЕНЛИВИ МАКЕДОНСКИ СТАНДАРДИ**

**1.1 Усвоени македонски стандарди и стандардизациски документи со метод на индосирање/препечатување**

ВКУПЕН БРОЈ НА УСВОЕНИ МАКЕДОНСКИ СТАНДАРДИ И СТАНДАРДИЗАЦИСКИ ДОКУМЕНТИ (*Во оваа бројка е даден и бројот на национални македонски и други странски национални стандарди*)
**ЈАНУАРИ 2021- ДЕКЕМВРИ 2021: 1272 ОД КОИ 1041 СЕ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ**
**ВКУПНО ДО ДЕКЕМВРИ 2021: 30466 ОД КОИ 24024 СЕ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ**
Од вкупниот број на стандарди донесени од CEN-CENELEC, ИСРСМ има имплементирано 93,00% од стандардите на CEN и 99,00% од стандардите на CENELEC. Паралелно се спроведува постапката на повлекување на конфликтните стандарди.
**РЕАЛИЗИРАНО:**
**Се реализира во континуитет согласно барањата на заинтересираните страни и обврските за усвојување на Европските стандарди како Македонски.**

**1.3 Повлечени конфликтни и неприменливи стандарди**

| Повлечени македонски стандарди | Вкупно |
|---|---|
| Совет на ИСРСМ/Стручни одбори | 147 |
| ИСРСМ ТК/ИСРСМ ТК РГ | 783 |
| **Вкупно** | **930** |

**РЕАЛИЗИРАНО:**
**Се реализира во континуитет согласно барањата на заинтересираните страни и обврските за усвојување на Европските стандарди како Македонски.**

**ЦЕЛ 2 - ТЕХНИЧКИ КОМИТЕТИ И РАБОТНИ ГРУПИ И СТРУЧНИ ОДБОРИ**

**2.1 Воспоставување техничка инфраструктура на ИСРСМ - технички комитети и работни групи и стручни одбори**

ВКУПЕН БРОЈ НА ФОРМИРАНИ ТЕХНИЧКИ КОМИТЕТИ – **31**

Листата на формирани ТЕХНИЧКИ КОМИТЕТИ (ИСРСМ ТК) е дадена на следниот линк: https://isrsm.gov.mk/mk/committee

**2.2 Работа на технички комитети, работни групи и стручни одбори**
Област општа стандардизација (бр. на технички секретари – 7)

| Активност | Реализација | Забелешка |
|---|---|---|
| Број на одржани седници на ИСРСМ ТК | 34 | |
| Број на одржани состаноци на ИСРСМ | / | |

| | | |
|---|---|---|
| ТК/РГ | | |
| Број на оддржани седници на СО/ОС | / | не е формиран |

Област од електротехника (бр. на технички секретари - 4)

| Активност | Реализација | Забелешка |
|---|---|---|
| Број на оддржани седници на ИСРСМ ТК | 15 | |
| Број на оддржани состаноци на ИСРСМ ТК/РГ | / | |
| Број на оддржани седници на СО/ЕИТТ | / | не е формиран |

ВКУПЕН БРОЈ НА ОДРЖАНИ СОСТАНОЦИ ПО ИСРСМ ТК – **49**

**ЦЕЛ 3 – МЕЃУНАРОДНА И БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА**

| Активност | Реализација | Забелешка |
|---|---|---|
| **Учество во работата на меѓународните и европските тела за стандардизација** | | |
| • учество на Генерални и вонредни Собранија на ISO, IEC, CEN, CENELEC и ETSI како и на меѓународни и европски тела за квалитет<br>• учество на развојните комитети, техничките бордови и други состаноци на управните тела на меѓународните и европските тела за стандардизација<br>- ISO/DEVCO<br>- ISO/COPOLCO<br>- ISO/CASCO | 13 | - Учество на 1 вработен нае конференција за IEC SMB, 12.02.2021 година, со виртуелно присуство;<br>- Учество на состаноци на техничките одбори на CEN и CENELEC и нивна заедничка сесија на (16-18).02.2021 година, со виртуелно присуство;<br>- Учество на 1 вработен на IEC NC Secretaries Forum, на 24.03.2021 година, со виртуелно присуство;<br>- Учество на 1 вработен на состанок на ETSI NSO на 12.04.2021 година со виртуелно присуство;<br>- Учество на 1 вработен на IEC NC Secretaries Forum, на 20.05.2021 година, со виртуелно присуство;<br>- Учество на состаноци на техничките одбори на CEN и CENELEC и нивна заедничка сесија на (25-27).05.2021 година, со виртуелно присуство;<br>- Учество на 1 вработен на состанок на ETSI NSO на 09.06.2021 година со виртуелно присуство;<br>- Учество на 3 вработени на Генерални Собранија на CEN и CENELEC и Заедничката сесија помеѓу CEN и CENELEC на 24.06.2021 година, со |

| Активност | Реализација | Забелешка |
| --- | --- | --- |
| | | виртуелно присуство;<br>- Учество на 2 вработени од ИСРСМ на седницата на генералното собрание на IEC (General Meeting), (04-07).10.2021 година со физичко присуство и 1 вработен со виртуелно присуство;<br>- Учество на 1 вработен од ИСРСМ на состанокот на секретари на IEC од националните тела за стандардизација - IEC NC Secretaries ворамките на неделата на Генералното собрание на IEC во октомври, 2021 година, со виртуелно присуство;<br>- Учество на состаноци на техничките одбори на CEN и CENELEC и нивна заедничка сесија на (19-21).10.2021 година, со виртуелно присуство;<br>- Учество на 2 вработени од ИСРСМ на 56-тото Генерално Собрание на CEN и 62-то Генерално собрание на CENELEC и 12-тата Заедничката сесија помеѓу CEN и CENELEC на 25 ноември, 2021 година<br>- Учество на 1 вработен на годишен на ETSI NSO на 29.11.2021 година со виртуелно присуство. |
| • учество на Балканска конференција за стандардизација | | |
| • плаќање на членарини во ISO, IEC, CEN и CENELEC како и на меѓународни и европски тела за квалитет | | Платена членарина за 2019 година целосно за ISO, IEC, CEN и CENELEC |
| **Билатерална соработка со странски национални тела за стандардадизација и други институции** | | |
| • потпишување на спогодби за соработка со националните тела од соседните земји и земјите од Европската унија и други институции; | 1 | Потпишан е нов Договор за соработка во областа на стандардизацијата помеѓу Државното претпријатие „Украински центар за научни истражувања и обука за |

| Активност | Реализација | Забелешка |
| --- | --- | --- |
| | | стандардизација, сертификација и квалитет“ и Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија |

## ЦЕЛ 4 – ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ДОБРОВОЛНИОТ СИСТЕМ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

**Реализирани активности:**

Соработка со министерствата, органите во состав на министерствата и другите тела формирани од Владата на Република Северна Македонија:

- Учество во работна група во рамките на проектот Системи за управување со енергија - СУЕ при Министерство за економија во поглед на управување со енергија во зградата на МЕ, опфаќајќи ги сите институции кои се физички сместени во неа;
- Учество на XVIII-от Состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување ПТИЦО (on-line конференциска врска), 16 декември 2021 година

**РЕАЛИЗИРАНО:** Се реализира континуирано во текот на цела година

## ЦЕЛ 5 – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИОТ КАПАЦИТЕТ НА ИСРСМ

Вкупниот број на вработени во ИСРСМ е 28.

## ЦЕЛ 6 – ОБУКА, СЕМИНАРИ

**Реализирани активности:**

Континуиран тренд на учество на семинари и обуки од страна на вработените во ИСРСМ, поврзани со активности дефинирани во наведените цели.

## ЦЕЛ 7 – ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ

**Реализирани активности:**

- Како резултат на неколкумесечна напорна работа и посветеност, во месец октомври во функција е пуштена новата веб страна на ИСРСМ. Новата веб-страница има за цел да понуди подобрено корисничко искуство: се одликува со освежен изглед, подобрена навигација и неколку функции што ќе го направат целокупното искуство повлијателно за корисниците. Воедно истата имплементира функции (соодветни организациски и технички мерки - ИТ безбедност) кои се во насока на заштита на приватноста, вклучително и онаа на нашите членки и соработници, учесниците во работата на ИСРСМ, клиентите, посетителите на веб-страната на ИСРСМ и претплатниците на ИСРСМ услугите. Со ова ИСРСМ ги исполнува барањата за заштита на личните податоците, согласно законот за Заштита на лични податоци, подзаконските акти и Европската регулатива за заштита на личните податоците (GDPR).

## ЦЕЛ 8 – ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ И ИНФОРМАЦИИ

**Реализирани активности:**

- Редовно неделно ажурирање на Веб страната на ИСРСМ
- Изработка на месечен Огласник на Усвоени стандарди, повлечени стандарди, нови проекти , како и стандарди на јавна расправа.
- Давање информации од областа на Стандардизацијата на сите заинтересирани страни

**СТО/ТБТ Информативно тело:**

- Во координација со Министерството за економија - давање на информации во врска со важечки прописи во Република Северна Македонија по барања пристигнати надвор од Република Северна Македонија.

**РЕАЛИЗИРАНО:** Се реализира во континуитет согласно тековните активности на ИСРСМ и барањата на заинтересираните страни

## ЦЕЛ 9 – НОТИФИКАЦИИ

**Реализирани активности:**

Постапката на известување, Национална имплементација на усвоените CEN/CENELEC и ETSI стандарди се реализира во континуитет. Исто така се врши контифуирано известување за македонски национални стандарди кон ЦЕФТА земјите врз основа на барања за спроведување на постапка за известување за македонски национални стандарди.

## ЦЕЛ 10 – ИЗДАВАЊЕ, ПРОДАЖБА И ДИСТРИБУЦИЈА НА СТАНДАРДИ, СТАНДАРДИЗАЦИСКИ ДОКУМЕНТИ И ПУБЛИКАЦИИ

**Реализирани активности:**

1. Продажба на стандардите и стандардизациските документи за периодот јануари - декември 2021:
   - Во текот на периодот Јануари - Декември 2021 година за продажба на стандарди, фактуриран е износ од 1.158.158,00 МКД.
   - Направени се 362 фактури за вкупно 1101 стандарди (МКС,ISO, DIN);
2. Ажурирање на базата на податоци за:
   - меѓународните и европските стандарди и стандардизациски документи во електронска форма;
   - македонски стандарди и стандардизациски документи и ажурирање на базата на податоци за повлечени македонски стандарди;

Комуникација со странки и давање информации во врска со македонските, европските и меѓународните стандарди и стандардизациски документи и пребарување во базите на податоци на ИСРСМ , ISO, IEC, CEN, CENELEC , ETSI и DIN.

## ЦЕЛ 11 – ОБУКИ ОДРЖАНИ ОД СТРАНА НА ИСРСМ

**Реализирани активности:**

Согласно активностите за програмската цел 6.2. Обуки организирани од страна, предвидено во активноста Цел 6.2/А3 - Испорака на планирани обуки, Одделението за соработка со клиенти при ИСРСМ во текот на 2021 година реализираше две онлајн обуки и тоа следниве:

- Обука за стандардот МКС EN ISO 9001:2015 - Системи за менаџмент со квалитет – Барања, како еден од најактуелните и најпродаваните стандарди. На оваа дводневна олајн обука која се одржа на 25 и 26 Мај 2021 беа присутни 15 учесници и беше остварен приход од 43.000,00 денари.
- Обука за стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 - Општи барања на компетентност на лаборатории за тестирање и калибрација на која беа присутни 94 учесници а се одржа онлајн на 06 и 07 Декември 2021. Од оваа дводневна онлајн обука беше остварен приход од 378.000,00 денари.

Вкупниот приход од реализираните обуки во 2021 согласно програмска цел 6.2. Обуки организирани од страна на ИСРСМ е 421.000,00 денари.

**Реализирани не комерцијални конференции и обуки:**

- Согласно Договорот за интеграција на нов и годишно одржување на „Национален Standard Management system“ – (нова база на податоци и веб страна), во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, во врска со сите понудени модули, организирани се обуки за сите вработени во ИСРСМ, и тоа:
  - МОДУЛ – ПРОДАЖБА – одржана 05-ти Јули 2021,
  - МОДУЛ – ОБУКИ – одржана 07-ти Јули 2021,
  - МОДУЛ – СТАНДАРДИЗАЦИЈА – одржана 09-ти Јули 2021,

- МОДУЛ – СЕРТИФИКАЦИЈА – одржана 12-ти Јули 2021,
- МОДУЛ – Администрација на веб-страница – одржана 13-ти Јули 2021

Кон ова во наредните период продолжено е со континуирана комуникација и помали обуки во врска со новиот систем.

- Организирана обука од страна на секторот за стандардизација со наслов, „Мојата работа во ИСРСМ ТК", одржана на 28.10.2021 година преку апликацијата ZOOM. Учесници беа заинтересирани страни и претставници на ИСРСМ ТК-и.

**РЕАЛИЗИРАНО:** Се реализира континуирано во текот на цела година

**ЦЕЛ 12 – СЕРТИФИКАЦИЈА**

**Реализирани активности:**

Во делот за сертификација се следат активностите предвидени во Акциски план. Во планот се наведени одговорни и инволвирани лица за реализација на соодветните активности, потребните ресурси како човечки така и планираните извори за финансирање. Истакната е неопходноста од анализа, оцена, решавање и следење на ризици со цел да се обезбедат силни гаранции за непристрасно фунционирање и отсуство на конфликтни активности. Во континуитет се разгледува и дополнува документација за сертификациското тело согласно барањата од стандардот EN ISO/IEC 17021-1:2015. Преговорите за наоѓање на потенцијален партнер акредитирано сертификациско тело со кое би се воспоставило соработка за реализација на серификациските активности се одложени заради состојбата на пандемија со COVID-19.

Во делот на нови активности во Секторот за сертификација предложено е измена на називот на Секторот во Сектор за квалитет. Една од активностите ке биде делот за доделување на знак за квалитет - Македонско Сонценце. Се предлага да се анализираат потенцијални можности за развој на нови активности, со цел поддршка како на јавниот така и на приватниот сектор. Другата активност се однесува на нови Проекти кои би биле менаџирани преку правилата на Project Management Profesional или слична меѓународно призната платформа, со што би биле во можност да изнаоѓаме нови проекти и успешно да ги користиме.

**ЦЕЛ 13 – Одделение за финансиски прашања и Оделение за правни и општи работи**

Активностите од одделенијата за финансиски прашања и за правни и општи работи се реализраат во континуитет.

**ЦЕЛ 14 – ПРОЕКТИ**

**Проект - Вклучување на повеќе тела за стандардизација и национални организации за животна средина во стандардизација од аспект на животна средина.**

Проектот е финансиран од Европска комисија и EFTA преку FPA договор помеѓу Европската комисија и Европската организација за стандардизација (CEN).

Проектот е одобрен во декември 2017 година, се планира да трае до мај 2021 и во него се вклучени 8 земји членки на Европската Унија и 2 земји кои не се членки на Европската Унија, меѓу кои и Република Северна Македонија, од вкупно 34 полноправни членки на Европската организација за стандардизација (CEN).

- Поради пандемијата со ковид роектот е одложен до крај на 2022 година

**Проект – Превод на хармонизирани стандарди и стандардизациски документи од англиски на македонски јазик**

Проектот е финансиран од Европска комисија, преку Европските тела за стандардизација CEN/CENELEC, кој започна на 01.01.2021 и треба да заврши на 31.12.2022.

**ТАБЕЛАРНА СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ОСТВАРЕН ПРИХОД ПО ГОДИНИ ШТО ИСРСМ ГИ РЕАЛИЗИРА ПРЕКУ АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОД 2016-2021 ГОДИНА**

| Ред. бр | Активност | 2016 год. | 2017 год. | 2018 год. | 2019 год. | 2020 год. | 2021 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Обуки организирани од страна на ИСРСМ | / | / | 146.400,00 | 1.296.000,00 | 121.200,00 | 421.000,00 |
| 2 | Промотивни активности и информации | 836.176,00 | 830.000,00 | 972.393,00 | 1.058.505,00 | 1.152.322,00 | 1.076.177,00 |
| 3 | Продажба и публикации на стандарди | 1.350.812,00 | 1.100.000,00 | 1.743.564,00 | 1.784.474,00 | 1.254.464,00 | 1.155.166,00 |
| | **ВКУПНО** | **2.186.988,00** | **1.930.000,00** | **2.862.357,00** | **4.137.867,00** | **2.527.986,00** | **2.652.343,00** |

# 1.11 ПРОГРАМИ НА ИСРСМ

**Програма за работа на ИСРСМ за 2022 година:**

Во рамките на Програмата за работа на ИСРСМ за 2022 година, соодветно се прикажани и детално образложени стратешките активности на ИСРСМ, 13-те програмски цели на ИСРСМ за 2022 година, буџетот, како и потенцијалните ризици за реализација на Програмата за работа на ИСРСМ за 2022 година.

https://isrsm.gov.mk/mk/download/file/page-section/176

**Програма за работа - Програма за усвојување на македонски стадарди за 2022 година:**

Издавањето на Програмата за работа е обврска која телата за стандардизација ја преземаат со прифаќање на *Кодексот на добра пракса за подготовка, усвојување и примена на стандардите,* како и запазување на принципот на транспарентност согласно Европската регулатива број 1025/2012 на Европскиот парламент и Советот која се однесува на Европската стандардизација. Прифаќањето на наведениот Кодекс е утврдено со Договорот за технички бариери во трговијата на Светската трговска организација (WTO/TBT).

Програмата за усвојување на македонски стандарди (во натамошниот текст Програма) ја содржи листата на сите стандардизациски проекти коишто се подготвуваат на предлог на владини тела, стопански субјеки, технички тела на ИСРСМ и други заинтересирани страни. Како приоритет Програмата ги содржи сите нови нацрт европски стандарди и стандардизациски документи (проекти), кои како обврска која Институтот ја има кон европските тела за стандардизација мора да бидат усвоени како македонски.

https://isrsm.gov.mk/mk/work-program-and-annual-report-of-isrsm_p107.html

**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИСРСМ**
**2022 - 2024 ГОДИНА**

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРОГРАМА

| **А: Оправданост и дизајн на Програмата** |
|---|
| **Образложение:** Програмата Стандардизација произлегува од:<br>1. Спогодба за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји (ССА, април 2004 година); Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2018-2022 година за 2022 година.<br>2.1 Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија:<br>- Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните,<br>- Република Северна Македонија – членка на НАТО и Европската Унија, содржани во Одлуката за стратешки приоритети на Владата на РСМ за 2022 година (Сл.весник на РСМ бр.97/2021).<br>2.2 Приоритетни цели на Владата<br>- Спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста и вработеноста;<br>- Имплементација на реформите во јавните финансии во насока на подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање и извршување на Буџетот на РСМ, подобрување на наплатата на приходите, зајакнување на систмот на јавни набавки;<br>- Поддршка и развој на мали и средни претпријатија;<br>- Развивање на ефективна трговска политика;<br>- Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индсустрија;<br>- Унапредување на заштита на потрошувачите;<br>- Постигнување на интероперабилност согласно стандардите на НАТО.<br><br>3 Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија (Сл. весник на РМ бр.22/15),<br>4 Обврските од Планот 3-6-9 (План 18) во делот на Реформата на јавната администрација (РЈА),<br>5 Стратешки план за работа на Министерството за економија за периодот 2018-2020 година/1.9.2 Регулирање на внатрешниот пазар, |
| 6 НПАА Поглавје 3.01 Слободно движење на стоки/ 3.01.2 Хоризонтални мерки / Стандардизација |
| 7 Стратешките приоритети на ИСРСМ:<br>- Европска Регулатива 1025/2012 за Европска стандардизација, Стратегија на меѓународната организација за |

# ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИСРСМ 2022 - 2024 ГОДИНА

<table>
<tr><td colspan="2">стандардизација ISO 2015-2021 и Закон за стандардизација (Сл.весник на РМ бр. 54/2002, 84/2012, 23/2013, 41/2014, 53/2016),<br>- ИСРСМ Стратегија за стандардизација 2019 -2021</td></tr>
<tr><td colspan="2">8 Приоритетни цели на ИСРСМ:Усогласување на ЕУ законската регулатива во делот на стандардизацијата,Одржување на ефикасен одржлив систем за стандардизација во Република Северна Македонија кој ќе овозможи потполно учество во стандардизацискиот систем на европско и меѓународно ниво, што има за цел поддршка на македонското стопанство при излезот на странските пазари и заштита на македонските интереси.<br>Воспоставување на сертификациско тело по верзија од стандардот ISO/IEC 17021-1:2015.<br>Доделување на знакот македонско сонцење.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показатели за успех на Програмата: Број на усвоени европски стандрди иоценките добиени од европските организации за стандардизација (CEN/CENELEC) како основен показател на успешност. Оценувањето се врши еднаш на неколку години</td></tr>
<tr><td colspan="2">Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☒ Хоризонтална ☐ Вертикална</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активности (компоненти) од Програмата:</td></tr>
<tr><td>Активност 1: Одржување и унапредување на систем за стандардизација во согласност со европските и меѓународните правила<br><br>1.1 Работа на техничките комитети, како и активно учество во работата на европските и меѓународните тела за стандардизација,</td><td>Показател за успешност: Позитивниоценки добиени од европските организации за стандардизација (CEN/CENELEC) како основен показател на успешност – квалитативен показател<br><br>1.1<br>квантитативен показател<br>.1 Број на одржани состаноци на технички комитети.<br>Планиран резултат на годишно ниво:од 30 до 40 во зависност од Програмите за работа на ИСРСМ ТК.<br>.2 Број на активни ИСРСМ Технички комитети (ТК) кои ја следат работата на ISO/IEC/CEN/CENELEC TC за тековната година.<br>Планиран резултат на годишно ниво:31</td></tr>
</table>

**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИСРСМ**
**2022 - 2024 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| 1.2 Одржување оперативна телекомуникациска и ИТ инфраструктура,<br><br>1.3 Одржување на усвоени европски стандарди на ниво кое го бараат европските тела за стандардизација, како и усвојување на изворни национални стандарди и усвојување на стандарди од разни иницијативи, повлекување на конфликтни и неприменливи национални стандарди, | **квалитативен показател**<br>.3 Активно учество во работата на меѓународни и европски технички комитети ISO/IEC/CEN/CENELECTC (во својство на „participating P – member“)<br>*Планиран резултат на годишно ниво:Континуирано активно учество*<br><br>1.2<br>**квантитативен показател**<br>.1 Број на вработени кои се задоволни од опремата која ја користат<br>*Планиран резултат на годишно ниво:80 % од вработените*<br>.2 Бројна поплаки и жалби од клиентите кои ја користат веб страната на ИСРСМ и нејзините функционалности.<br>*Планиран резултат на годишно ниво:Не повеќе од 5*<br><br>**квалитативен показател**<br>.3 Функционална ИТ опремата<br>*Планиран резултат на годишно ниво: Континуиранафункционалност на ИТ опремата*<br>.4Достапност и функционалност на платформи кои ги користат членовите на ИСРСМ ТК и ИСРСМ<br>*Планиран резултат на годишно ниво: Континуирана достапност и функционалност на платформите*<br><br>1.3<br>**квантитативен показател** |

# ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИСРСМ 2022 - 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| 1.4 Нотификациски процедури и процедури за мирување (standstill).<br>Нотифицирање на: национална иплементација на EN стандарди во CEN и CENELEC, нотификација на национална иплементацијана изворни националнистандарди во CEN и CENELEC<br><br>1.5 Транспарентност и отвореност во работата на ИСРСМ | .1 Број на усвоени стандарди.<br>*Планиран резултат на годишно ниво:од 1500 до 1700*<br><br>.2 Број на повлечени конфликтни и неприменливи национални стандарди.<br>*Планиран резултат на годишно ниво:од 1000 до 1200*<br><br>**квалитативен показател**<br>.3 Ефективно и ефикасно реализирање на Програмата за усвојување на македонски стандарди.<br>*Планиран резултат на годишно ниво: Реализацијата на Програмата за усвојувањето на македонските стандарди да биде ефективно и ефиксно*<br><br>1.4<br>**квантитативни показател**<br>.1 Број на нотифицирани стандарди.<br>*Планиран резултат на годишно ниво:од 1500 до 1700*<br><br>**квалитативен показател**<br>.2 Навремено извршување на нотификациските процедури<br>*Планиран резултат на годишно ниво: Процесот на нотификација да се извршува навремено*<br><br>1.5<br>**квантитативни показател** |

# ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИСРСМ 2022 - 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| 1.6 Работилници за заинтересирани страни за примена на стандардите | .1Број на дадени коментари преку веб страната на ИСРСМ.<br>*Планиран резултат на годишно ниво:до 5*<br>.2 Број на жалби и поплаки има од кориниците на услугите на ИСРСМ во смисла на брзината и квалитетот на одговори на прашањата кои корицниците ги поставиле по мејл, телефон или преку профилите на социјалните мрежи на ИСРСМ.<br>*Планиран резултат на годишно ниво:Не повеќе од 5*<br>.3 Број на средби и промотивни активности одржаниод ИСРСМ со институциите и заинтересирани страни, со цел запознавање на активностите и услугите на ИСРСМ<br>*Планиран резултат на годишно ниво:Помеѓу 10 и 15*<br>.4 Број на продадени стандарди<br>*Планиран резултат на годишно ниво:од 1700 до 1800*<br>.5 Зголемен број на членки во ИСРСМ и ИСРСМ ТК<br>*Планиран резултат на годишно ниво:Помеѓу 5 и 10*<br>**квалитативен показател**<br>.6 ИСРСМ интернет страната редовно ажурирана и достапна до сите заинтересирани страни<br>*Планиран резултат на годишно ниво:Контитнуитет на редовно одржување и ажурирање на ИСРСМ веб страната*<br><br>1.6<br>**квантитативни показател**<br>.1 Број на одржани работилници.<br>*Планиран резултат на годишно ниво:Помеѓу 5 и 10*<br><br>**квалитативен показател** |

**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИСРСМ**
**2022 - 2024 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| | .2 Задоволство на учесниците<br>*Планиран резултат на годишно ниво:Позитивни „Анкетни листови“.* |
| **Активност 2:** Меѓународна и билатерална соработка<br><br>2.1 Гаранција за платена годишна членарина во европските тела за стандардизација,<br><br><br><br><br><br><br>2.2 Меѓународна соработка<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>2.3Билатерална соработка | **Показател за успешност:**<br><br>2.1<br>**квантитативни показател**<br>.1Платена членарина за тековната година.<br><br>**квалитативен показател**<br>.2 Извршени обврски кои произлегуваат од членствата<br><br>2.2<br>**квантитативни показател**<br>.1 Работни средби со други институти за стандардизација од регионот: 5<br>.2 Работни состаноци со други институти за стандардизација кои не се во регионот а е договорена взаемна соработка и размна на искуства: 2<br><br>**квалитативен показател**<br>.3 Број на потпишани/ревидирани билатерални договори/меморандуми за соработка за тековната година – 2.<br><br>2.3<br>**квантитативни показател**<br>.1Број на присуство на Балканска Конференција<br>*Планиран резултат на годишно ниво:1* |

**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИСРСМ**
**2022 - 2024 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| | .2 Број на присуство на Генерални Собраниа на CEN<br>*Планиран резултат на годишно ниво:2*<br>.3 Број на присуство на Генерално Собрание на CENELEC<br>*Планиран резултат на годишно ниво:1*<br>.4 Број на присуство на Генерално Собрание наISO<br>*Планиран резултат на годишно ниво:1*<br>.5 Број на присуство на Генералнио Собрание наIEC<br>*Планиран резултат на годишно ниво:1*<br>.6 седници на европските технички одбори (CEN/CENELEC BT)<br>*Планиран резултат на годишно ниво:2*<br>.7 седници на ISO развојни комитети CASCO, DEVCO, COPOLCO<br>*Планиран резултат на годишно ниво:2* |
| **Активност 3:** Зајакнување на кадровскиот капацитет на ИСРСМ | **Показател за успешност:**<br>3<br>**квантитативни показатели**<br>.1Број на вработувања за тековната година<br>*Планиран резултат на годишно ниво: 2*<br><br>.2Број на обуки на вработените за тековната година<br>*Планиран резултат на годишно ниво: 14*<br><br>**квалитативен показател**<br>.3 Стручно обучен кадар<br>*Планиран резултат на годишно ниво:Континуитет во стручноста и професионалноста на кадарот* |

# ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИСРСМ 2022 - 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **Активност 4:** Развој на секторот сертификација | **Показатели за успешност:**<br>4.<br>**Квалитативни показатели**<br>1. Воспоставувањесертификацискотелопостандардот ISO/IEC 17021-1:2015,<br>2. Акредитација на дејности-кодови за сертификација<br>3. Развој на нови активности за поддршка на приватниот и државниор сектор.<br><br>**Квантитавен показател**<br>1. Бројнасертифицираниклиенти<br>*Планиранрезултатнагодишнониво: 2 (2022), 3 (2023) и 4 (2024)* |
